Министерство за финансии
Сектор за управување со јавен долг

# Извештај за јавниот долг на Република Македонија за првиот квартал во 2007 година

## Содржина


1. Позначајни активности во првиот квартал на 2007 година....2
2. Состојба на јавен долг ....5
   2.1. Структура на јавниот долг....6
   2.2 Индикатори за ризик на портфолиото на јавниот долг....7
3. Повлечени средства по основ на надворешно и внатрешно задолжување....8
4. Сервисирање на вкупниот јавен долг....9
5. Гарантиран јавен долг....9
6. Примарен пазар на државни хартии од вредност....10
7. Секундарен пазар на државни хартии од вредност....11
   7.1 Македонска Берза....11
   7.2 Пазар преку шалтер....12
8. Контакти....12


**Скопје, Мај 2007 година**

# 1. Позначајни активности во првиот квартал на 2007 година

- ***Намалување на вкупниот јавен долг*** – Вкупниот јавен долг на Република Македонија во првиот квартал на 2007 година се намали за 34,9 милиони евра, односно за 3,7% во однос на БДП и изнесува 32,7%. Надворешниот јавен долг во декември 2006 година изнесуваше 1.180,6милиони евра и бележи константно опаѓање, така што на крајот на месец март 2007 година изнесуваше 1.110,1милиони евра, односно се намалува за 5,9%. Внатрешниот јавен долг во декември 2006 година изнесуваше 651,2 милиони евра и до крајот на март 2007 година, истиот порасна за 35,6 милиони евра, односно за 5,5%, кој пораст се должи на емисија на шестата обврзница за денационализација како и порастот на нето емисиите на државните записи за монетарни цели.

- ***Предвремен откуп на долгот кон Париски клуб на кредитори***- во насока на намалување на каматните трошоци во Буџетот на Р. Македонија и искористување на високото ниво на средства од девизниот депозит на Министерството за финансии, а според мултилатералниот договор потпишан во Париз на 24 јануари 2007 година со 13 земји членки на Парискиот клуб, Република Македонија во периодот од 31 јануари до 30 април 2007 година се обврза предвремено да го откупи целиот долг кон Парискиот клуб на кредитори во износ од 77 милиони евра, по номинална вредност и без плаќање на дополнителни пенали или провизии. Целите поради која се премина кон ваквата операција се преструктуирање на портфолиото на јавниот долг во насока на намалување на надворешниот долг во не-евро валути, намалување на долгот со променливи каматни стапки како и остварување на каматни заштеди во Буџетот на Република Македонија во 2007 година од 2,5 милиони евра, а каматни заштеди ќе се остваруваат и понатаму до 2011 година во вкупен износ од 9,8 милиони евра. Во првиот квартал се реализирани вкупно осум договори со земјите членки на Парискиот клуб на кредитори. Оваа операција на откуп се очекува да биде завршена со потпишување на билатерален договор со Италија која достави докази за стари долгови кои се уште не се регулирани меѓу двете земји. По ратификацијата на договорот со Италија во македонското Собрание, исплатата по овој договор ќе биде извршена кон крајот на 2007 година.

- ***Планиран предвремен откуп на дел од долгот кон Меѓународната банка за обнова и развој***- На 04.04.2007 година Владата одобри и реализација на предвремен откуп на долгот кон ИБРД и ЕИБ. Целта на овој предвремен откуп е понатамошно подобрување на структурата на должничкото портфолио и неговата изложеност на каматни и валутни ризици. Исто така, со оваа операција само во 2007 се планираат каматни заштеди од 2,7 милиони евра и заштедите продолжуваат да се остваруваат се до 2021 година во вкупен износ од 32,7 милиони евра, од кои само Фондот за патишта ќе оствари каматни заштеди од 9,6 милиони евра.

- ***Најавен откуп на Обврзницата за санација на Стопанска банка А.Д. Скопје*** – Во март 2007 година, Министерството за финансии најави дека на 01 април 2007 година ќе се реализира предвремен откуп на Обврзницата за Санација на Стопанска банка А.Д Скопје во износ од 1.302,5 милиони денари. Со предвремениот откуп за периодот од април 2007 заклучно со март 2010 година ќе се оствари вкупна заштеда по основ на каматниот трошок во износ од 205,66 милиони денари. Имајќи во предвид дека оваа обврзница е издадена поради структурни цели, со оваа операција на откуп се подобруваат карактеристиките на портфолиото на вкупниот јавен долг во насока на намалување на уделот на долгот емитиран под непазарни услови и се подобрува угледот на Република Македонија пред кредит-рејтинг агенциите.

- ***Издавање на шестата емисија на обврзниците за денационализација***- врз основа на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација („Службен весник на Република Македонија” број 37/2002), на 1.3.2007 година беше

емитувана шестата обврзница за денационализација во износ од 18 милиони ЕУР (согласно со издадениот проспект). Условите под кои е издадена оваа обврзница се идентични како и за првите пет емисии, односно рок на достасување 10 години со фиксна каматна стапка од 2%. Првата рата за оваа обврзница достасува на 1.6.2008 година.Обврзниците за денационализација котираат на Македонската берза АД Скопје.

- ***Емисија на континуирани државни хартии од вредност*** – во текот на првиот квартал од 2007 година беа издадени шест емисии на 3 месечни државни записи, три емисии на 6- месечни државни записи, една емисија на 12- месечни државни записи, една емисија на 2 годишна државна обврзница и една емисија на 3 годишна државна обврзница. Каматните стапки на 3-месечните ДХВ забележуваат извесен раст во јануари, благо опаѓање во месец февруари и повторено зголемување во месец март, додека кај 6-месечните ДХВ каматните стапки забележуваат пад во јануари, а благ пораст во месец февруари и март. Во овој извештај е прикажан краток осврт врз примарниот и секундарниот пазар, додека пазарот за државни хартии од вредност подетално е опфатен во публикацијата за пазарот на државни хартии од вредност која се издава двомесечно од страна на Секторот за управување со јавен долг.
- ***Одобрен е од Бордот на директори на Светска банка вториот ПДПЛ*** аранжман во износ од 30 милиони долари и по донесувањето на Закон за задолжување во Собранието на Република Македонија се очекува повлекување на средствата во текот на 2007 година.
- Овој квартал се карактеризира со слаба реализација на **повлекувањата** по основ на надворешни задолжувања од само 24,2% од планираното односно од планираните 29,9 милиони евра повлечени се само 7,2 милиони евра. Овој низок процент на реализација со себе повлекува дополнителни трошоци по основ на провизии на неповлечени средства кои вршат оптоварување на Буџетот на Република Македонија.
- Во првиот квартал на 2007 година е постигнато значително **подобрување на карактеристиките на портфолиото на јавниот долг**, а со тоа и остварување на зацртаните таргети во Стратегијата за управување со јавен долг (2007-2009 година).

| **Таргети** | **Параметри на портфолиото заклучно со дек. 2006 година** | **Параметри на портфолиото заклучно со март 2007 година** | **Таргети за период од 2007 до 2009 година** |
|---|---|---|---|
| Однос меѓу вкупниот јавен долг и БДП | 36,4% | 32,7% | 37%-40% |
| Однос меѓу долгот на општа влада и БДП | 33,3% | 30% | 34%-37% |
| Однос меѓу вкупно гарантираниот долг и БДП | 2,8% | 2,6% | 3.7%-4.1% |
| Однос меѓу внатрешен и надворешен јавен долг | надворешен долг-64,5% внатрешен долг-35,5% | надворешен долг-61,8% внатрешен долг-38,2% | надворешен долг-65% внатрешен долг-35% |
| Однос меѓу долгот со фиксна и долгот со варијабилна каматна страпка | Долг со фиксна стапка-60% долг со променлива стапка-40% | Долг со фиксна стапка-61% долг со променлива стапка-39% | Долг со фиксна стапка-70-80% долг со променлива стапка-20-30% |
| Однос меѓу долгот во домашна и странска валута | Долг во домашна валута-11,4% | Долг во домашна валута-13% | Долг во домашна валута- 15-20% |

| Таргети | Параметри на портфолиото заклучно со дек. 2006 година | Параметри на портфолиото заклучно со март 2007 година | Таргети за период од 2007 до 2009 година |
|---|---|---|---|
| Состојба на гарантиран јавен долг | 144,7 мил.ЕУР | 143,5 мил.ЕУР | 220 мил.ЕУР |

# 2. Состојба на јавен долг

(во милиони ЕУР)

| | Q1 2006 | Q2 2006 | Q3 2006 | Q4 2006 | Q1 2007 |
|---|---|---|---|---|---|
| **НАДВОРЕШЕН ЈАВЕН ДОЛГ** | **1.174,9** | **1.171,8** | **1.172,6** | **1.180,6** | **1.110,1** |
| Долг на општа Влада | 1.037,7 | 1.037,7 | 1.034,4 | 1.025,2 | 962,1 |
| Долг на централна Влада(консолидиран) | 1.037,7 | 1.037,7 | 1.034,4 | 1.025,2 | 962,1 |
| Централна Влада | 1.001,4 | 999,5 | 994,3 | 981,9 | 918,9 |
| Јавни фондови | 36,4 | 38,2 | 40,1 | 43,3 | 43,2 |
| Општини | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Јавни претпријатија | 137,2 | 134,1 | 138,2 | 155,4 | 148,0 |
| **ВНАТРЕШЕН ЈАВЕН ДОЛГ** | **660,5** | **642,7** | **673,6** | **651,2** | **686,8** |
| Долг на општа Влада | 660,5 | 641,2 | 672,1 | 648,4 | 684,2 |
| Долг на централна Влада | 660,3 | 641,0 | 671,9 | 648,2 | 684,2 |
| Структурни обврзници | 559,2 | 512,0 | 508,4 | 479,7 | 493,9 |
| Обврзницца за санација на Стопанска банка | 26,6 | 21,3 | 21,3 | 21,3 | 21,3 |
| Обврзница за селективни кредити | 17,0 | 17,0 | 17,0 | 17,0 | 17,0 |
| Обв. за приватизација на Стопанска банка | 75,1 | 73,0 | 70,8 | 68,7 | 68,7 |
| Обврзница за старо девизно штедење | 306,5 | 280,9 | 280,4 | 254,9 | 254,9 |
| Обврзница за денационалнизација (I, II, III, IV, V и VI емисија) | 134,0 | 119,9 | 118,9 | 117,8 | 132,1 |
| Континуирани ДХВ | 101,1 | 129,0 | 163,6 | 168,6 | 190,3 |
| Од кои државни записи за монетарни цели | 22,9 | 43,6 | 77,2 | 75,9 | 92,0 |
| Општини | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 0,0 |
| Јавни претпријатија | N/A | 1,5 | 1,5 | 2,8 | 2,6 |
| **ВКУПЕН ЈАВЕН ДОЛГ-Закон за јавен долг** | **1.835,5** | **1.814,5** | **1.846,2** | **1.831,8** | **1.796,9** |
| **БДП** | **5.027,6** | **5.027,6** | **5.027,6** | **5.027,6** | **5.489,1** |
| Просечен извоз | **1.913,5** | **1.913,5** | **1.913,5** | **1.913,5** | **2.122,4** |
| Надворешен долг како % од вкупен јавен долг | 64,0 | 64,6 | 63,5 | 64,4 | 61,8 |
| Домашен долг како % од вкупен јавен долг | 36,0 | 35,4 | 36,5 | 35,6 | 38,2 |
| Вкупен јавен долг % од просечен БДП | 36,5 | 36,1 | 36,7 | 36,4 | 32,7 |
| Вкупен јавен долг како % од просечен извоз | 95,9 | 94,8 | 96,5 | 95,7 | 84,7 |
| **Долг на општа влада** | **1.698,2** | **1.678,9** | **1.706,5** | **1.673,6** | **1.646,3** |
| Надворешен долг на општа Влада како % од долгот на општа Влада | 61,1 | 61,8 | 60,6 | 61,3 | 58,4 |
| Домашен долг на општа Влада како %од долгот на општа Влада | 38,9 | 38,2 | 39,4 | 38,7 | 41,6 |
| Долг на општа Влада % од просечен БДП | 33,8 | 33,4 | 33,9 | 33,3 | 30,0 |
| Долг на општа Влада како% од просечен извоз | 88,8 | 87,7 | 89,2 | 87,5 | 77,6 |
| Долг на општа Влада во странска валута како % од вкупниот долг на општа Влада | 91,5 | 90,0 | 88,2 | 87,6 | 86,1 |
| Каматни плаќања по основ на долг на општа Влада како % од приходи на општа Влада | 3,2 | 3,0 | 1,7 | 4,2 | 1,9 |
| **Вкупен јавен долг според ГФС методологија** | **2.033,6** | **1.972,9** | **2.015,2** | **2.029,5** | **2.020,6** |
| Надворешен јавен долг како % од вкупен јавен долг | 60,3 | 61,8 | 60,5 | 60,3 | 56,8 |
| Домашен јавен долг како % од вкупен јавен долг | 39,7 | 38,2 | 39,5 | 39,7 | 43,2 |
| Вкупен јавен долг како % од просечен БДП | 40,4 | 39,2 | 40,1 | 40,4 | 36,8 |
| Вкупен јавен долг како % од просечен извоз | 106,3 | 103,1 | 105,3 | 106,1 | 95,2 |

Извор:Мф и НБРМ

## 2.1. Структура на јавниот долг

Движење на внатрешен и надворешен јавен долг




*Извор:Мф и НБРМ*

Каматна структура на вкупниот јавен долг




Извор:Мф и НБРМ

Валутна структура на вкупниот јавен долг




Извор:Мф и НБРМ

Пазарен/непазарен јавен долг
заклучно 31/12/2006




*Извор:Мф и НБРМ*

Пазарен/непазарен јавен долг
заклучно 31/03/2007




*Извор:Мф и НБРМ*




*Извор:МФ и НБРМ*




Извор:МФ и НБРМ




Извор:МФ

## *2.2 Индикатори за ризик на портфолиото на јавниот долг*

| Просечно време на достасување – АТМ (во години) | | |
|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 31.03.2007 |
| Внатрешен долг | 3,03 | 2,91 |
| Надворешен долг | 8,98 | 9,22 |
| **Вкупен долг** | **6,85** | **6,82** |

*Извор: МФ*

| Времетраење (Duration) на домашен долг (во години) | | |
|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 31.03.2007 |
| Структурни обврзници | 2,92 | 2,73 |
| Континуирани ДХВ | 0,55 | 0,69 |
| **Вкупно домашен долг** | **2,52** | **2,38** |

*Извор: МФ*

# 3. Повлечени средства по основ на надворешно и внатрешно задолжување

## Повлекувања по основ на надворешно задолжување

| | Q1-2006 | Q2-2006 | Q3-2006 | Q4-2006* | Q1-2007 реализација | Q1-2007 планирано | Процент на реализација на повлекувањата во Q1-2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јавен сектор** | **8,3** | **15,2** | **29,5** | **33,2** | **7,2** | **29,9** | **24,2%** |
| | **4,3** | **15,1** | **18,0** | **11,4** | **6,6** | **20,1** | **32,6%** |
| **Мултилатерални кредитори** | **2,7** | **11,9** | **14,6** | **7,8** | **4,2** | **8,8** | **48,2%** |
| ИБРД | 0,5 | 2,8 | 2,6 | 1,8 | 1,4 | 1,9 | 75,5% |
| ЦЕДБ | 0,0 | 1,7 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 1,5 | 0,0% |
| ЕИБ | 0,0 | 0,0 | 5,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | |
| ИДА | 0,8 | 2,1 | 1,0 | 0,3 | 0,0 | 0,0 | |
| ЕБРД | 1,3 | 4,8 | 4,8 | 5,3 | 2,3 | 5,1 | 45,7% |
| ЕУ | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | |
| ИФАД | 0,2 | 0,5 | 1,1 | 0,5 | 0,5 | 0,3 | 162,6% |
| **Билатерални кредитори** | **1,6** | **3,2** | **3,4** | **3,6** | **2,3** | **11,3** | **20,6%** |
| **Приватни кредитори** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | |
| | **4,0** | **0,1** | **11,6** | **21,9** | **0,7** | **9,8** | **6,7%** |
| **Мултилатерални кредитори** | **4,0** | **0,1** | **2,8** | **9,6** | **0,5** | **8,1** | **6,7%** |
| ИБРД | 0,0 | 0,1 | 1,0 | 0,1 | 0,0 | 1,6 | 2,1% |
| ЕИБ | 4,0 | 0,0 | 0,0 | 3,5 | 0,0 | 0,5 | 0,0% |
| ЦЕДБ | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 5,0 | 0,0 | 0,0 | |
| ЕБРД | 0,0 | 0,0 | 1,8 | 1,0 | 0,5 | 6,0 | 8,5% |
| **Билатерални кредитори** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **1,7** | **0,0%** |
| **Приватни кредитори** | **0,0** | **0,0** | **8,7** | **12,3** | **0,1** | **0,0** | |

*Извор:МФ и НБРМ*

**Процентот на реализација на повлекувањата во 2006 година изнесува 62%*

***Во Q1-2007 се забележува значителен пад на процентот на реализација на повлекувањата(24%) споредено со Q1-2006 кога изнесуваше 37%.*

## *Повлекувања по основ на внатрешно задолжување*

| | *Во милион ЕУР* | Јан-07 | Фев-07 | Мар-07 | **Вкупно Q1-2007** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно емитирани државни хартии од вредност** | **-5,08** | **7,65** | **33,12** | **35,69** |
| 1 | 3-месечниДЗ | -7,79 | 4,35 | 12,75 | **9,30** |
| 2 | 6-месечни ДЗ | 0,79 | -0,78 | 1,77 | **1,78** |
| 3 | 12-месечни ДЗ | 1,92 | | 0,60 | **2,52** |
| 4 | 2-годишна ДО | | 4,08 | | **4,08** |
| 5 | 3-годишна ДО | | | | **0,00** |
| 6 | 6-та емисија на обврзница за денационализација | | | 18,00 | **18,00** |

*Извор:МФ*

# 4. Сервисирање на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф и НБРМ*

# 5. Гарантиран јавен долг




*Извор:МФ и НБРМ*

# 6. Примарен пазар на државни хартии од вредност

## Аукции на државни хартии од вредност во Q1-2007

| | Резултати од аукции на ДХВ за Q1- 2007 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | | | | |
| | DZ2007/01-91 | DZ2007/02-91 | DZ2007/03-91 | DZ2007/04-91 | DZ2007/05-91 | DZ2007/06-91 |
| *ISIN код* | MKMINFDZ7017 | MKMINFDZ7025 | MKMINFDZ7033 | MKMINFDZ7041 | MKMINFDZ7058 | MKMINFDZ7066 |
| *Денови на достасување* | 91 | 91 | 91 | 91 | 91 | 91 |
| *Дата на аукција* | 09.01.2007 | 23.01.2007 | 06.02.2007 | 20.02.2007 | 06.03.2007 | 20.03.2007 |
| *Дата на достасување* | 11.04.2007 | 25.04.2007 | 09.05.2007 | 23.05.2007 | 06.06.2007 | 20.06.2007 |
| *Максимална каматна стапка* | 6,70 | 6,70 | 6,65 | 6,83 | 6,79 | 6,80 |
| *Минимална каматна стапка* | 5,98 | 5,70 | 5,70 | 5,85 | 5,85 | 5,85 |
| *Просечна каматна стапка* | 6,42 | 6,57 | 6,44 | 6,30 | 6,40 | 6,43 |
| *Просечна цена* | 98,4040 | 98,3657 | 98,3977 | 98,4335 | 98,4092 | 98,3997 |
| *Понуда* | 1.150.000.000 | 1.200.000.000 | 900.000.000 | 850.000.000 | 1.400.000.000 | 1.550.000.000 |
| *Побарувачка* | 887.380 | 1.343.070.000 | 1.083.670.000 | 704.250.000 | 1.448.180.000 | 1.485.930.000 |
| *Реализација* | 887.380 | 1.200.000.000 | 900.000.000 | 704.250.000 | 1.400.000.000 | 1.485.930.000 |
| *Bid to cover ratio** | 1 | 1,12 | 1,2 | 1 | 1,03 | 1 |
| *Доставени понуди* | 41 | 33 | 50 | 55 | 53 | 56 |
| *Прифатени понуди* | 41 | 32 | 42 | 55 | 50 | 56 |

| | Резултати од аукции на ДХВ за Q1- 2007 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6 месеци | | | 12 месеци | 2 години | 3 години |
| | DZ2007/01-182 | DZ2007/02-182 | DZ2007/03-182 | DZ2007/01-364 | DO2007/01-0209 | DO2007/02-0410 |
| *ISIN код* | MKMINFDS7016 | MKMINFDS7024 | MKMINFDS7032 | MKMINFDY7018 | MKMINF20G051 | MKMINF20G069 |
| *Денови/години на достасување* | 182 | 182 | 182 | 364 | 2 | 3 |
| *Дата на аукција* | 09.01.2007 | 06.02.2007 | 06.03.2007 | 23.01.2007 | 22.02.2007 | 29.03.2007 |
| *Дата на достасување* | 11.07.2007 | 08.08.2007 | 05.09.2007 | 23.01.2008 | 26.02.2009 | 02.04.2010 |
| *Максимална каматна стапка* | 6,99 | 7,28 | 7,24 | 9,000 | 9,000 | 8,001 |
| *Минимална каматна стапка* | 6,19 | 6,19 | 6,25 | 8,590 | 8,500 | 7,950 |
| *Просечна каматна стапка* | 6,76 | 6,78 | 6,96 | 8,790 | 8,872 | 7,999 |
| *Просечна цена* | 96,6955 | 96,6860 | 96,6013 | 91,8371 | 99,3450 | 98,7150 |
| *Купонска каматна стапка* | | | | | 8,50 | 7,50 |
| *Понуда* | 400.000.000 | 350.000.000 | 400.000.000 | 300.000.000 | 250.000.000 | 250.000.000 |
| *Побарувачка* | 674.420.000 | 302.870.000 | 558.870.000 | 128.320.000 | 318.150.000 | 216.000.000 |
| *Реализација* | 400.000.000 | 302.870.000 | 400.000.000 | 128.320.000 | 250.000.000 | 216.000.000 |
| *Bid to cover ratio** | 1,69 | 1 | 1,40 | 1 | 1,27 | 1 |
| *Доставени понуди* | 12 | 29 | 22 | 10 | 24 | 9 |
| *Прифатени понуди* | 9 | 29 | 20 | 10 | 24 | 9 |

** овој коефициент ја прикажува покриеноста на реализацијата со побарувачката*

*Извор:МФ*




*Извор:МФ*

# 7. Секундарен пазар на државни хартии од вредност

## *7.1 Македонска Берза*




*Извор: МФ и Македонска берза*

Принос до достасување на државните обврзници




*Извор:МФ*

***При пресметките се користени просечните средни цени на последниот ден на тргување во соодветниот месец***

## *7.2 Пазар преку шалтер*




*Извор:Мф*

# 8. Контакти

| Контакт лице | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| Маја Парнарџиева | Раководител на сектор за управување со јавен долг | 3106-396 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Сања Манасијевиќ Манчева | Раководител на Middle Office | 3106-171 | Sanja.Manasijevic@finance.gov.mk |
| Афердита Реџепи | Middle Office | 3106-345 | Aferdita.Redzepi@finance.gov.mk |
| Дејан Деспотоски | Middle Office | 3106-345 | Dejan.Despotoski@finance.gov.mk |